Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 06.11.2023

На 05.11.2023 во Велес, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Велес, со наредба на Основен суд Велес, извршиле претрес во домот на Л.А.(75) од с.Ореше, велешко. При претресот биле пронајдени и одземени ловечка пушка „ТОЗ – 63" калибар 16мм и патрон со калибар 16мм за ловечка пушка, кои ги поседувала В.А.(72) без дозвола. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.11.2023 во 16.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Р. од Куманово. Тој се сомничи дека на 08.10.2023 на булеварот „Октомвриска револуција" во Куманово одзел мобилен телефон од В.Ј. од Куманово. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.11.2023 во 18.30 часот на ул.„Борис Кидрич" во Кичево, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево го лишиле од слобода З.С.(31) од Кичево, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.11.2023 во 20.30 часот на автопатот А1, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Д.С.(39) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана, а во негова близина, при оби́колка на теренот, била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. За настанот бил известен јавен обвинител и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.11.2023 во 19.30 часот во село Банско, струмичко, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода М.Р.(33) од село Банско затоа што при преглед на нива која ја обработувал биле пронајдени ќесиња со марихуана. За настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.11.2023 во 12.20 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници ја привеле Е.Л.(29) од Република Албанија, затоа што при гранична проверка и контрола било констатирано дека во нејзината патна исправа недостасуваат неколку страници. Таа била предадена на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка, а од Основен суд Куманово ѝ била изречена прекршочна санкција-глоба и протерување на странец од земјата во траење од една година.

Во текот на вчерашниот ден (05.11.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 306 возачи. Од нив 11 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 191 возило ја пречекорило брзината во населено место, а 115 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (05.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 263 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 111 санкции, 19 мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се 11 мерки за користење мобилен телефон при возење, 34 санкции за некористење сигурносен појас, девет мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила...

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на викендот (03/04/05.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на СВР Битола санкционирани се 193 возачи, меѓу кои 68 мерки за возење повеќе од дозволената брзина, 32 мерки за возење без возачка дозвола, 22 возачи за управување возило под дејство на алкохол...

Во текот на вчерашниот ден (05.11.2023), во периодот од 16.00 до 20.00 часот, Секторот за сообраќајни работи при Одделот за униформирана полиција Биро за јавна безбедност и Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведоа акциска контрола на територијата на општина Бутел во Скопје, за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 70 возачи, од кои 19 за возење без возачка дозвола, четири санкции поради измината важност на сообраќајната дозвола, седум мерки за возење под дејство на алкохол, шест санкции за непропишно вградени фолии (затемнети стакла)... На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 05.11.2023 во 18.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот Куманово-Скопје, под клучка „Илинден", автобус „неоплан" со скопски регистарски ознаки, управуван од В.Д.(63) од Скопје, удрил во велосипед управуван од Т.Н.(67) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, кој бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош, каде што денеска починал. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.11.2023 во 10.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на кружен тек од бул.„Октомвриска револуција", бул.„Трета македонска ударна бригада" и ул.„Благоја Богдановски Гуџман" во Куманово, патничко возило „опел" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(82) од Куманово, удрило во велосипед управуван од Р.М.(66) од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Општа болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 05.11.2023 во 14.10 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.Ј.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„Алија Авдовиќ" неговиот малолетен син бил каснат од кучe скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.Г.(21) и И.К.(27), двајцата од Гевгелија, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „криумчарење мигранти" и „соизвршителство" во врска со „криумчарење мигранти". На 31.10.2023 во с.Давидово, при преглед на патничко возило „фолксваген туарег", кое го управувал првопријавениот, полициски службеници откриле 13 мигранти од Сирија. Второпријавениот, со патничко возило „мазда" бил претходница и учествувал во прифаќање на мигрантите.

На 05.11.2023 во СВР Скопје било пријавено дека на 04.11.2023 околу 23.45 часот во парк на ул.„Методија Шаторов Шарло" во Скопје, двајца малолетници од Скопје биле физички нападнати од повеќе други малолетници, од кои дел ги познавале. Според пријавеното, еден од напаѓачите со остар предмет се заканил на едниот малолетник и притоа го снимал со мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против О.И.(35) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 06.07.2023 на регионален пат Струга- Мороишки мост, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле пиштол „Туре 54" калибар 7,62x25 мм и една рамка за пиштолот.

На 05.11.2023 во 21.50 часот во СВР Скопје, В.Б.(54) од Скопје пријавила дека околу 21.00 часот на подрачјето на Гази Баба нејзиниот сопруг В.Б. бил физички нападнат од двајца малолетници. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Г.Д.(44) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 10.02.2023 во Велес, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и кокаин.

Денеска (06.11.2023) во 01.00 часот во СВР Скопје, 38 - годишна жена пријавила дека на 05.11.2023 околу 19.30 часот во домот на подрачјето на Чаир била физички нападната од нејзините сопруг А.И.(46), свекрва С.И.(71) и золва А.И.(43), сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.Д.(20) и З.Г.(20), двајцата од Косово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 01.11.2023, првопријавениот изнајмил патничко возило „фолксваген туарег" со косовски национални ознаки, со кое во близина на с.Негорци прифатиле седум мигранти од Сирија со цел да ги превезат кон Скопје, но притоа биле фатени од полициски службеници.

На 05.11.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје, Б.А.(44) од Скопје, вработен во агенција за обезбедување, пријавил дека околу 11.00 часот во казино на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Н.(44) од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 02.11.2023 на локалниот пат Виница–с.Лески, пријавениот со дрвен предмет ги оштетил возилата на Д.С. и Т.С. од с.Лески и им упатил закани.

На 05.11.2023 во 17.15 часот во СВР Скопје, Б.Д.(34) од Скопје пријавил дека околу 16.25 часот на бензинска пумпа на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Д.Ц.(45) и Д.Ц.(37), двајцата од Гевгелија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 31.10.2023 во Гевгелија, првопријавената со помош на второпријавениот со употреба на сила од жена од Гевгелија одзела накит.

На 05.11.2023 во 12.00 часот во СВР Скопје, К.Т.(29) од Скопје пријавил дека околу 00.30 часот во с.Љубанци две лица му упатувале закани, по што го оштетиле неговото возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.11.2023 во 18.00 часот во СВР Скопје, 77 - годишна жена пријавила дека околу 13.50 часот во домот на подрачјето на Ѓорче Петров била физички нападната од нејзиниот сопруг П.Х. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против У.Д.(42) од Република Албанија, со привремен престој во Република Северна Македонија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" при семејно насилство. На 01.11.2023 во домот во Струга во кој престојувале, пријавениот физички ја нападнал неговата невенчана сопруга.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет